Црвен крст на Република Северна Македонија



# МЕЃУНАРОДНО ХУМАНИТАРНО ПРАВО

## ПРИРАЧНИК ЗА СЛУШАТЕЛИ

# СОДРЖИНА

**I. МЕЃУНАРОДНО ХУМАНИТАРНО ПРАВО..........3**
КОЈА Е ОСНОВНАТА ЦЕЛ НА МХП?..........3
КОИ СЕ ОСНОВНИТЕ ПРИНЦИПИ НА МХП?..........4
ИЗВОРИ НА МХП..........5
ВО КОИ СЛУЧАИ СЕ ПРИМЕНУВА МХП?..........7
КОЈА Е УЛОГАТА НА ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА ВО ПРИМЕНАТА НА ЖЕНЕВСКИТЕ КОНВЕНЦИИ?..........7

**II. ДОЗВОЛЕНА УПОТРЕБА НА ВОЕНА СИЛА СПОРЕД МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО..........8**
КАКО ДА СЕ РАЗЛИКУВА МЕЃУНАРОДЕН ОД НЕМЕЃУНАРОДЕН ВОООРУЖЕН СУДИР?..........9
КОИ СЕ СТРАНИТЕ ВО ВООРУЖЕН СУДИР?..........10
КОЈА Е УЛОГАТА НА СИЛАТА ЗАШТИТНИЧКА?..........11
КОИ СРЕДСТВА И МЕТОДИ НА ВОЈУВАЊЕ СЕ ДОЗВОЛЕНИ?..........12
КОИ ОГРАНИЧУВАЊА И ЗАБРАНИ СЕ ПРОПИШАНИ ВО ОДНОС НА ЛИЦА И ПРЕДМЕТИ?..........13
ДОЗВОЛЕНИ И НЕДОЗВОЛЕНИ МЕТОДИ НА ВОЈУВАЊЕ..........14

**III. ЛИЦА И ОБЈЕКТИ СО ЗАШТИТЕН СТАТУС..........15**
РАНЕТИ И БОЛНИ ЛИЦА..........15
МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ, ЕДИНИЦИ И ТРАНСПОРТИ..........15
КАКО ТРЕБА ДА БИДАТ ОЗНАЧЕНИ САНИТЕТСКИТЕ СЛУЖБИ?..........17
ЗАШТИТА НА ВОЕНИТЕ ИЗВЕСТУВАЧИ И НОВИНАРИ..........17
ЗАШТИТЕН СТАТУС НА ВЕРСКИОТ ПЕРСОНАЛ..........18
КОИ ЛИЦА ИМААТ СТАТУС НА ВОЕН ЗАРОБЕНИК?..........19
ЗАБРАНЕТ ТРЕТМАН СПРЕМА ВОЕНИТЕ ЗАРОБЕНИЦИ..........19
КОИ ОСНОВНИ УСЛОВИ ТРЕБА ДА СЕ ОБЕЗЕДАТ ЗА ВОЕНИТЕ ЗАРОБЕНИЦИ?..........20

**IV. ЗАШТИТА НА ЦИВИЛНОТО НАСЕЛЕНИЕ..........21**
КОИ ЛИЦА ИМААТ СТАТУС НА ЦИВИЛ?..........21
КАКО ДА СЕ ЗАШТИТАТ ЦИВИЛИТЕ ОД ПОСЛЕДИЦИ НА ВОЈНАТА?..........21
ПОСЕБНО РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ЦИВИЛНИ ЛИЦА..........22
КАКО ДА СЕ ЗАШТИТАТ РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ЦИВИЛИ?..........24

**V. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА МХП..........25**
ВО КОИ СЛУЧАИ ДРЖАВА МОЖЕ ДА БИДЕ ПОВИКАНА НА ОДГОВОРНОСТ?..........25
КОГА ПОЕДИНЦИТЕ СНОСАТ ОДГОВОРНОСТ ЗА ПОВРЕДА НА МХП?..........27
КОМАНДНА ОДГОВОРНОСТ..........28
МЕЃУНАРОДЕН КРИВИЧЕН СУД..........30

I. МЕЃУНАРОДНО ХУМАНИТАРНО ПРАВО

Меѓународно хуманитарно право (МХП) претставува систем на правила кои ги уредуваат односите помеѓу државите како завојувани страни во случај на војна или друг вид на вооружен судир. Правилата кои го сочинуваат системот на МХП се применуваат од започнување на вооружениот судир до неговото завршување и сѐ додека траат последиците од тој вооружен судир.

## Која е основната цел на МХП?

Основната цел на МХП е да ги направи вооружените судири што помалку нехумани преку спречување на прекумерни жртви, човечки страдања и материјални разурнувања  кои не се во функција на постигнуване на воената цел.




Со други зборови, основната цел на МХП е да ги ограничи несреќите кои ги носи со себе еден вооружен судир и да ги ублажи неговите последици.

Оваа хумана димензија на МХП може да се постигне единствено прекубалансирање помеѓу воените потреби и потребите на хуманоста.

# Кои се основните принципи на МХП?

Во сите правила кои го сочинуваат системот на МХП проткаени се следните четири базични принципи кои кореспондираат со основната цел на МХП:

► ***Принцип на хуманост*** - подразбира почитување на човечкиот живот и достоинство, како и забрана за нехуман третман и секаков вид тортура. Хуманоста како принцип ги обврзува завојуваните страни при преземањето на воените дејствија да прават разлика помеѓу цивилното население и припадниците на вооужените сили.

► ***Принцип на воена потреба*** - е принцип според кој завојуваните страни треба да имаат слобода во водењето на воените операции, како и во изборот и користењето на средствата и методите за војување, меѓутоа само во обем и на начин кој е потребен за постигнување на воената цел.




► ***Принцип на пропорционалност -*** забранува употреба на средства и методи за војување кои предизвикуваат претерани повреди или непотребни страдања кои не се соодветни со воената потреба. Принципот на пропорционалност ги обврзува завојуваните страни да употребуваат единствено средства и методи на војување кои се во функција на воената цел.

► ***Принцип на ограничување*** - е принцип според кој завојуваните страни немаат неограничено право на избор на средствата и методите на војување, односно, секоја од страните во вооружен конфликт има обврска да се придржува на забраните за употреба на конкретно утврдени средства и методи на војување.

# Извори на МХП

Четири конвенции усвоени во 1949 година во Женева, Швајцарија, претставуваат легислативна основа и основни извори на Меѓународото хуманитарно право.

I - Конвенција за подобрување на положбата на ранетите и болните во вооружените сили во војна.

II - Конвенција за подобрување на положбата на ранетите, болните и бродоломците на поморските вооружени сили.

III - Конвенција за посапување со воените заробеници.

IV - Конвенција за заштита на цивилните лица за време на војна.

На основата на Женевските конвенции од 1949 година додадени се три дополнителни протоколи од кои Протокол I и Протокол II се усвоени во 1977 година, а Протокол III во 2005 година.




I **Дополнителен протокол** - за заштита на жртвите во меѓународни вооружени судири.

II **Дополнителен протокол** - за заштита на жртвите во немеѓународни вооружени судири.

III **Дополнителен протокол** - утврдува дополнителен амблем на Црвен кристал (покрај амблемот на Црвен крст и Црвена полумесечина).

По усвојувањето на овие основни меѓународни правни инструменти, меѓународната заедница ја продолжи својата легислативна активност и усвои голем број други правни акти, од кои поголем дел се однесуваат на забраните за користење на одредени видови оружја. Во овој контекст, особено значајни се следните правни инструменти, наведени хронолошки според годината на донесување:

- Конвенција за заштита на културното наследство во вооружени конфликти (1954);

- Декларација на ООН за забрана за употреба на нуклеарно и термо-нуклеарно оружје (1961);

- Договор за неширење нуклеарно оружје (1967);

- Конвенција за забрана за развој, производство и складирање на бактериолошко (биолошко) и токсично оружје и нивно уништување (1972);

- Конвенција за забрана за употреба на воени и други непријателски цели на техники за модификација на животната средина (1976);

- Конвенција за забрана и ограничување на употребата на определено конвенционално оружје (1980) со Протокол IV за забрана и ограничување на ласерско оружје;

- Конвенција за забрана за развој, производство, складирање и употреба на хемиско оружје и нивно уништување (1993);

- Договор за комплетна нуклеарна забрана (1996);

- Конвенција за забрана на употреба, чување, производство и пренос на противпешадиски мини и нивно уништување (1997).

## Во кои случаи се применува МХП?

Државите потписнички на Женевските конвенции, нивните протоколи и другите современи меѓународни правни инструменти, имаат обврска во секоја ситуација на меѓународен вооружен судир или немеѓународен вооружен судир (кога станува збор за правила кои важат за вооружен судир кој нема меѓународен карактер) да ги почитуваатправилата на МХП, како и да обезбедат почитување на тие правила од нивните органи и од лицата кои се под нивна власт. Секоја држава мора да ги почитува и обичајните правила на МХП и не може да се ослободи од таа обврска со изговор дека не ги прифаќа тие правила.



## Која е улогата на Црвен крст и Црвена полумесечина во примената на Женевските конвенции?

Меѓународниот комитет на Црвен крст и Црвена полумесечина претставува промотор на МХП и заштитник на Женевските конвенции. Како хуманитарна и непристрасна организација работи низ целиот свет и успеа да изгради голем меѓународен углед. Мандатот на оваа меѓународна организација е обезбеденод меѓународната заедница согласно соЖеневските конвенции и нивните протоколи. Во рамки на довериениот мандат, првенствена улога на Меѓународниот комитет на Црвен крст и Црвена полумесечина е обезбедување на хуманитарна помош и заштита на животот на лицата кои се наоѓаат во виорот на воените конфликти, но и во други ситуации кога помошта и грижата се неопходни за спасување на човечки животи и материјални добра. Оваа потреба од помош и грижа е особено изразена во случаи на елементарни непогоди и други природни катастрофи или други ризични ситуации предизвикани од човечки фактор.

COMITE INTERNATIONAL GENEVE ICRC

# II. ДОЗВОЛЕНА УПОТРЕБА НА ВОЕНА СИЛА СПОРЕД МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО

Со Повелбата со која во 1945 година беше основана Организацијата на обединетите нации (ООН), забранета е војната како средство за решавање на спорови помеѓу државите. Со тоа беше создадена основа за градење на меѓународен поредок во кој државите се обврзани сите спорови да ги решаваат по мирен пат, да се воздржуваат од употреба на сила или закана со сила против територијалниот интегритет и политичката независност на друга држава. На овој начин, правото на војна ***(ius ad bellum)*** беше заменето со право против војна ***(ius contra bellum)***. Советот за безбедност на ООН е овластен да го утврди постоењето на закани за мирот во одредени држави или региони, нарушување на мирот или акти на агресија и да дава препораки или да донесува одлуки за примена на соодветни мерки во насока на надминување на заканите.






Мерките можат да содржат целосен или делумен прекин на економските односи и железничките, поморските, воздушните, поштенските, телеграфските, радиографските и другите средства за комуникација, како и заострување на дипломатските односи. На тој начин изграден е систем на контрола на ООН над употребата на воена сила.

Сепак, доколку Советот за безбедност смета дека овие мерки нема да бидат адекватни или доколку тие се покажат како неадекватни, може да одлучи да се преземат дејствија со воздухопловни, поморски или сувоземни сили кои се нужни заради одржување или повторно воспоставување на меѓународниот мир и безбедност (член 42 од Повелбата на ООН). Освен во овој случај, употреба на воена сила е дозволена и во случај на вооружен напад кога државата која е нападната има неотуживо право на индивидуална или колективн самоодбрана против држава членка на ООН, до моментот кога Советот за безбедност ќе преземе мерки за одржување на меѓународниот мир и безбедност (член 51 од Повелбата на ООН)

## *Како да се разликува меѓународен од немеѓународен воооружен судир?*

Меѓународен вооружен судир е судир во кој се применува воена сила во конфликт кој се случува помеѓу две или повеќе држави. Внатрешен вооружен судир е судирот на спротивставени групи кој се одвива на територијата на една држава. Меѓународното хуманитарно право има целосна примена во меѓународните вооружени судири, додека во внарешните вооружени судири се применуваат само одредени правила на МХП.

Немеѓународните (внатрешни) вооружени судири се третирани во Женевски конвенции од 1949 преку член 3 кој е заеднички за овие Конвенции. Одредбите од овој член се однесуваат на ситуациите на воени конфликти кои немаат меѓународна димензија. Исто така, Протоколот II од 1977 на Женевските конвенции од 1949 година, се однесува на заштита на жртвите во немеѓународни вооружени судири.

Внатрешните вооружени судири можат да се квалификуваат како: државни удари, вооружени бунтови или востанија. Овие вооружени судири можат да ескалираат во судири од поголеми размери и тие најчесто се третираат како граѓанска војна. Според карактеристиките, граѓанската војна претставува судир со примена на најинтензивно воено насилство и најобемна воена мобилизација на луѓето во една држава.



## *Кои се страните во вооружен судир?*

► **Државата како страна во вооружен конфликт**

За страна во меѓународен вооружен судир се смета секоја држава која учествува во меѓународниот вооружен судир и која има права и обврски во насока на почитување и спроведување на МХП.

► **Фактичката власт како страна**

За страна во меѓународен вооружен судир се смета и фактичката власт која е воспоставена од страна на револуционерни и ослободителни движења на својата територија или надвор од неа против окупаторска земја. Исто така, револуционерните и ослободителните движења се сметаат за страна во вооружен судир кога се во сојуз со друга држава или сојуз на држави.

► **Организирана фактичка власт како страна во внатрешен вооружен конфликт**

Во немеѓународен вооружен судир, организираната фактичка власт која раководи со бунтовниците во внатрешен вооружен судир има положба на страна во судир ако така ја признае владата против која се подигнале бунтовниците или ако ООН и признае таков статус.

► **Организацијата на обединетите нации (ООН)**

ООН се смета како страна во вооружениот судир кога превзема колективни вооружени мерки заради запирање на агресија и воспоставување на мир. Сите држави чии вооружени сили учествуваат во колективните мерки што ги презема ООН, стануваат страни во вооружен судир.



## *Која е улогата на силата заштитничка?*

Под поимот сила заштитничка се подразбира неутрална држава или друга држава која не е страна во вооружен судир, која една од страните од вооружениот судир ја именувала, а противничката сила ја прифатила за сила заштитничка, и која е спремна да ја врши функцијата на сила заштитничка.

Сила заштитничка може да биде секоја држава која не е инволвирана во вооружениот судир. Притоа, силата заштитничка не мора да биде држава која е прогласена и признаена за неутрална. Согласно тн. Женевско право, силата заштитничка е овластена да врши две главни фукции:

- **Надзорна;**
- **Посредничка (давање на добра и услуги).**

Преку посредување на силата заштитничка, кај страните во вооружениот судир се олеснува примената на правилата на военото право. Силата заштитничка има право да контактира со заштитените лица без присуство на органи од државата под чија власт се тие лица. Органите на силата заштитничка се овластени да извршат контрола на условите под кои живеат заштитените лица кои се наоѓаат под власт на спротивната страна во вооружениот судир. Доколку забележи одредени противправни акти врз заштитените лица кои се наоѓаат под нејзина заштита, силата заштитничка е должна да даде одредени сугестии за подобрување на нивниот статус. Силата заштитничка преку посредување, исто така, им помага на завојуваните страни во склучување на договори, како на пример: одредување на заштитена зона или место, прекин на оган, примирје, размена на ранети, болни и заробеници.



## *Кои средства и методи на војување се дозволени?*

Со цел да се обезбеди почитување и заштита на цивилното население и на цивилните објекти, страните во судир во секое време треба да прават разлика помеѓу цивилното население и борците и помеѓу цивилните објекти и воените објекти и согласно со тоа да ги насочат своите воени операции само против воени објекти (член 48 од Протокол I).

Единствената легитимна цел која државите треба да се обидат да ја постигнат за време на војната е да ги ослабнат воените сили на непријателот. Оттука, генерално, основни правила за средствата, методите и целите на војување се следните:

- **Само воените цели може да бидат предмет на напад;**
- **Нападите насочени кон воени цели се забранети ако очекуваните инцидентни ефекти врз цивилното население се прекумерни;**
- **Кога нападот насочен кон воена цел не се очекува да има прекумерни ефекти врз цивилното население, сепак мора да се преземат сите можни мерки на претпазливост за да се минимизираат тие ефекти.**

## *Кои ограничувања и забрани се пропишани во однос на лица и предмети?*

Во согласност со основните правила за средствата, методите и целите на војување, во рамки на МХП, постојат забрани и ограничувања за употреба на одредени средства и методи на војување.

Забранета е употреба на средства кои предизвикуваат:

*** Недискриминаторен (неселективен) ефект**
*** Прекумерни повреди и непотребни страдања**
*** Обемни, сериозни и долготрајни последици врз природната околина**

Наведените генерални ограничувања значат дека страните кои учествуваат во вооружен конфликт немаат неогрничено право на избор на средствата и методите преку кои ќе ги изведуваат воените операции.



## *Дозволени и недозволени методи на војување*

Дозволени методи на војување се:
**Воени итрини, трикови, лукавства, снаодливост, итн. кои имаат за цел да ја надитрат спротивната страна** (камуфлажа, мамки, симулација на лажни операции, пренесување на погрешни информации, итн.).



Недозволени методи на војување се:
**Перфидни, подмолни и издајнички постапки кои содржат доза на нечесност, нехуманост, нецивилизираност, суровост, бруталност.**

Во оваа смисла, не се дозволени методи со кои ќе се изигра стекнатата доверба или свесно ќе се злоупотребат принципите и правилата на хуманитарното право (пример, изигрување на доверба при пружање помош на рането или болно лице, злоупотреба на меѓународно препознатливи знаци, амблеми и симболи, итн.). Поконкретно, забрането е неправилно да се користи или да се злоупотребува знак за препознавање на санитетски служби, други признати знаци и амблеми, амблем/знаме на ООН, на неутрални држави и на држави кои не се страни во конфликтот.

Не е дозволено изгладнување и истоштување на населението како метод на војување.

Не е дозволено да се издава наредба дека не треба да останат преживеани.

Забранети методи се и **Атентат** (злосторнички противправен напад на нечиј живот) и **Уцена** (цена за глава).

# Ранети и болни лица

Ранетите и билните лица имаат заштитен статус со Женевската конвенција за подобрување на положбата на ранетите и болните во вооружените сили. Одредбите на оваа конвенција треба да се почитуваат во случај на војна или друг вооружен судир, дури и кога едната од страните не ја признала воената состојба.

**Под ранети и болни се сметаат сите лица на кои им е потребна лекарска помош поради повреда или поради болест, независно дали се воени или цивилни лица и без оглед дали учествуваат или не учествуваат во вооружениот судир.**

Страните во вооружениот судир имаат обврска, особено по завршување на судирот, да ги преземат сите мерки со цел да ги пронајдат и соберат ранетите и болните, да им обезбедат потребна нега, да ги заштитат од ограбување и малтретирање, како и да ги пронајдат мртвите лица и да спречат нивно ограбување. Со ранетите и болните секоја завојувана страна треба да постапува хумано, без каква и да било неповолна дискриминација. Забрането е да се повредува животот и личноста на ранетите и болните, забрането е нивно убивање или истребување, мачење, вршење биолошки експерименти, намерно неукажување на медицинска помош или нега, како и изложување на опасности од зараза. Спрема припадничките на женскиот пол треба да се постапува со посебен респект што се должи на нивниот пол. Во однос на починатите лица, страните во конфликтот се должни пред погребот или палењето на мртвите, да обезбедат внимателен медицински преглед на телата со цел да се утврди смртта и да се установи идентитетот на починатото лице, како и да се поднесе соодветен извештај во врска со тоа.



**Половина од двојната плочка за идентификација или целата плочка, доколку се работи за обична плочка, треба да остане на телото на починатото лице.**

Секоја страна во судирот е должна, во што е можно пократок рок, да ги утврди сите податоци од противничката страна под чија власт потпаднале овие лица.преку кои можат да се идентификуваат ранетите, болните и умрените лица

## *Медицински персонал, единици и транспорти*

Медицинскиот персонал, санитетските установи и санитетските единици имаат заштитен статус согласно Женевските конвенции. Медицински персонал се воени или цивилни лица кои се ангажирани исклучиво за пронаоѓање, прибирање, пренесување и нега на ранети и болни или за спречување на болести. Санитетски установи и единици се воени или цивилни установи и други единици кои се



оспособени и организирани за лекување и транспорт на ранети и болни лица, како и за пружање на прва помош и превенција од болести. Можат да бидат неподвижни установи или подвижни единици организирани како привремени или постојани болници, институти, центри за трансфузија на крв или друг вид на установи.

**Страните во вооружен судир имаат обврска во секое време да ги почитуваат и заштитуваат медицинските лица и санитетските установи и единици и да се грижат тие да бидат соодветно распоредени со цел да не бидат доведени во опасност.**

Обврската за почитување и заштита се однесува и на транспортите на ранетите и болните. Не смеат да бидат предмет на напад ниту санитетските воздухоплови кои се користат исклучиво за евакација на ранети и болни или за пренос на медицински персонал и санитетска опрема. Во мирновременски услови, а особено по започнување на вооружен судир, страните во судирот имаат обврска своите санитетски зони и места да ги организираат на начин што ранетите и болните ќе ги стават надвор од досегот на војната. Доколку медицинскиот персонал падне под власт на спротивната страна, може да биде задржан додека тоа го бараат здравствената состојба, духовните потреби и бројот на воените заробеници. Притоа, овој персонал нема да се смета за воени заробеници и не смее да се принудува на било каква работа надвор од нивната медицинска професија.

Материјалот на подвижните санитетски единици кој ќе се најде под власт на спротивната страна во вооружениот судир, останува и понатаму наменет за ранетите и болните. Овој материјал, како и просторот во кој е складиран, не смее намерно да се уништува или да биде употребен за некоја друга цел. Во случај на неодложна воена потреба, командантите можат да ги користат санитетските згради, складишта и материјал за друга цел, само доколку претходно се преземени потребни мерки за удобност на ранетите и болните
кои таму се лекуваат.

## Како треба да бидат означени санитетските служби?

Со цел за нивно распознавање, санитетските служби во војските користат еден од следните хералдички знаци: црвен крст на бело поле; црвен полумесец на бело поле; црвен лав и црвено сонце на бело поле; или црвен кристал на бело поле. Со овие ознаки треба да се обележат знамињата и лентите што ги носи околу рака медицинскиот персонал, како и целокупниот материјал кој е поврзан со санитетската служба.

Медицинскиот персонал носи прицврстена лента на левата рака. Лентата е отпорна на влага, со знак за распознавање и втиснат жиг од страна на воената власт што ја издава таа лента. Покрај оваа лента, медицинскиот персонал носи со себе плочка за идентитет и посебна лична карта на која се наоѓа фотографија и потпис на носителот.

## Заштита на воените известувачи и новинари

Воените известувачи и новинарите имаат посебен заштитен статус во врска со професијата која ја изврувaат. Тие може да бидат ангажирани од разни новински агенции и други институции заради непосредно следење и известување во врска со вооружени судири или други опасни мисии. Со оглед на безбедносно ризичниот амбиент во местата од каде тие известуваат, известувачите и новинарите треба да бидат заштитени како и цивилите.



Гаранциите за нивната заштита треба да се почитуваат под услов известувачите и новинарите да не преземаат никакви акции кои не се во согласност со статусот на цивилно лице. Тоа значи дека тие во никој случај не смеат да учествуваат директно во воените дејствија во полза на било која од завојуваните страни во судирот.

Воените дописници (кои обично носат униформи со соодветни ознаки) и се акредитирани при вооружените сили кои ги придружуваат, имаат статус на воени заробеници ако паднат под непријателска власт.

## *Заштитен статус на верскиот персонал*

Под верски персонал се подразбираат воени и цивилни лица кои се занимаваат исклучиво со свештеничка служба, со цел да обезбедат духовна грижа за лицата кои се под нивна ингеренција. Со цел за нивно препознавање и разликување, воените свештеници носат околу левиот ракав бела лента со амблем на **Црвен крст** или **Црвена полумесечина**, зависно од религиозната припадност.

Верскиот персонал кој се наоѓа во вооружените сили на завојуваните страни, не се сметаат за борци. Нивниот статус и заштита е уреден со Женевските конвенции од 1949 година и нивните Протоколи од 1977 година. Заштитен статус на верски персонал имаат сите свештеници кои:

→Распоредени се во вооружените сили на држава (капелани);

→Придодадени се во единици на полицијата или други одреди од доброволци кои не се во составот на регуларните вооружени сили;

→Вршат верска служба во силите на организирано движење на отпор против странска дипломатија;

→Вршат верска служба за членови на екипаж од цивилно воздухопловство и трговска морнарица;

→Придодадени се во медицински единици (воени и цивилни) или при медицински транспорт (по копно, воздух и вода);

→Служат во организации на цивилна заштита на страна во вооружен судир;

→Служат во полза на цивилно население на окупирана територија.

Верскиот персонал треба да биде заштитен и почитуван. Неговата заштита трае за цело време на вооружениот судир, на секое место, под сите околности, дури и во случај на паѓање во раце на противнички вооружени сили.

## Кои лица имаат статус на воен заробеник?

Воените заробеници се борци паднати во рацете на непријателот, од моментот на нивно заробување, па сè до нивно конечно ослободување и репартирање. Тие се под власт на непријателската сила, а не под власт на одделни лица или воените единици кои ги заробиле. Воените заробеници не можат во никој случај да се откажат, ни делумно, ни во целина, од правата што им ги обезбедува Женевската Конвенција за постапување со воени заробеници. Статус на воен заробеник не се признава на:

- заробен домашен државјанин кој служел во непријателски вооружени сили;
- шпиони;
- платеници;
- цивили (освен во посебни случаи, кога на цивилот му се признава статус на борец).

## Забранет третман спрема воените заробеници

Завојуваните страни треба да се однесуваат хумано во сите околности со заробените лица. Во однос на заробените лица, забрането е да се врши:

- Насилство врз жените, насилство врз здравјето, физичката или менталната благостојба, особено убиства, мачење од секаков вид (физичко или ментално), телесна казна и сакатење;
- Навредување на човековото достоинство, понижувачко или деградирачко постапување, присилна проституција и секоја друга форма на недоличен напад;
- Земање заложници;
- Колективни казни;
- Закани со извршување на наведените дела.

## Кои основни услови треба да се обезедат за воените заробеници?

Воените заробеници треба да бидат сместени во места кои се лоцирани надвор од опасните борбени зони. Кога воената ситуација дозволува, тие треба да бидат означени со буквите PG (француски: Prisonniers de Guerre) или PW (англиски Prisoners of War).

**Завојуваните страни кои држат воени заробеници треба меѓусебно да се информираат, преку силите заштитнички, за географската локација на логорите, за да се обезбеди заштита на тие логори од напади.**

Местата за престој на заробените лица треба да бидат обезбедени со потребни засолништа против бомбардирања од воздух и од други воени опасности, на ист начин и во еднаква мерка како и локалните населби на цивилното население. Завојуваните страни под чија власт се наоѓаат воени заробеници има обврска, колку условите го овозможуваат тоа, да ги групира заробениците во логори или во делови од логори, според нивната национална припадност (државјанство), нивниот јазик и нивните обичаи. Сместувањето треба да биде во згради што се наоѓаат на цврста земја и кои се потполно хигиенски. Условите за сместување, особено во поглед на изолација од влага, обезбедување на загревање и осветлување во просториите, уредите, комплетираност на просториите и



трпезариите, противпожарна заштита и слично, мора да бидат како и условите за сместување кои се обезбедуваат за вооружените сили лоцирани во тој регион. Тие услови треба да одговараат на обичаите и навиките на воените заробеници и во никој случај не смеат да бидат штетни по здравјето. Облекувањето на заробениците треба да одговара на локалните климатски и работни услови. Тие имаат право првенствено да ги носат своите униформи. Исхраната на заробениците, според количината и квалитетот, мора да им обезбеди добро здравје. Во однос на хигиената, а со цел да се спречи ширење на заразни болести, спрема заробените лица треба редовно да се преземаат сите хигиенски мерки. Заробениците треба да бидат снабдени со доволно количество вода и средства за одржување на лична хигиена, како и за перење на облеката која ја носат на себе.

## Кои лица имаат статус на цивил?

За цивилни лица се сметаат лицата кои немаат статус на борци и кои не учествуваат директно во непријателствата. За цивил нема да се смета лицето кое иако е во цивилна облека, сепак учествува доброволно во вооружен отпор против напаѓач, во услови кога цивилното население на сеуште неокупираната територија немало време да се организира како редовна вооружена сила и под услов тоа лице отворено да носи оружје и да ги почитува воени закони и обичаи.

## Како да се заштитат цивилите од последици на војната?

Во услови на воени конфликти, цивилите имаат заштитен статус, гарантиран првенствено со Женевската Конвенција за заштитата на цивилните лица за време на војна од 1949 година, како и со други релевантни меѓународни документи. Заштитениот статус на цивилите за време на војна ги обврзува завојуваните страни да го почитуваат нивниот живот и достоинство. Императивните норми со кои се заштитува цивилното население се пропишани во полза на сите цивили кои се наоѓаат на територијата на завојуваните страни во меѓународен вооружен конфликт.

**Завојуваните страни се должни при изведувањето на воените операции, во секое време да прават дистинкција меѓу борците и цивилите, како и меѓу цивилните и воените објекти.**

Почитувањето на оваа обврска треба да обезбеди заштита на животот и здравјето на цивилите, како и на нивните домови и други материјални добра чие уништување не е во функција на постигнување на воени цели.

## Посебно ранливи категории на цивилни лица

Женевските конвенции содржат посебни одредби за специјална заштита на одредени ранливи категории на цивилни лица на кои им се гарантира посебна заштита. Во оваа насока, посебен статус имаат жените и децата како дел од цивилното население.

### ◘ Заштита на жените

На жените кои како дел од цивилното население не земаат активно учество во непријателствата, им се гарантира заштита според Женевската Конвенција за заштита на на цивилните лица за време на војна и Дополнителниот протокол I. Покрај општа заштитата за цивилите, во однос на жените МХП го зема предвид фактот дека тие се посебно ранливи, особено во одредени ситуации, и во таа насока им дава специјален третман кога жените треба да се третираат како што прилега на нивниот пол. За жените е предвидена гаранција дека посебно ќе бидат заштитени од секој напад на нивната чест, особено заштита од силување, присилна проституција или каков било друг непристоен напад врз нивната чест. Утврдени се и посебни одредби за заштита од ефектите на војната за бремените жени, породилиштата и мајките на мали деца Во овие одредби, предвидено е дека за време на окупација специјалното лекување кое е неопходно во овие специфични ситуации, не смее да биде попречено од окупаторската сила.



Преку овие правила МХП се обидува да го заштити личниот и половиот интегритет на жените и да осигура дека треба да се посвети внимание на особено ранливите категории на жени (бремени жени и доилки), притоа спречувајќи ги завојуваните страни да ги дискредитираат жените кои припаѓаат на непријателската страна. Во однос на жените борци, МХП гарантира општа заштита еднаква на заштитата на мажите. Доколку паднат во непријателски раце, жените кои активно учествуваат во борбите, имаат право на иста заштита како и мажите. Овој принцип е проследен преку одреден број одредби коишто се однесуваат на условите за притвор на жените. Исто така, МХП ги штити жените ако се повредени, болни или се бродоломци. Како такви, жените мора да имаат ист третман со мажите и не може да биде дискриминирани по основ на нивниот пол.

## ◘ Заштита на децата

Поради нивната ранливост децата се посебно заштитена категорија на цивилни лица. Децата се особено ранлива категорија ако се има предвид фактот дека секој вооружен конфликт остава голем број деца без родители или присилно ги разделува од нивните семејства. Исто така, во услови на војна, голем број деца остануваат без основни услови за живот и школување. МХП содржи специфични правила насочени кон заштита на децата од ефектите кои ги предизвикуваат воените конфликти, од каква било форма на непристоен напад или од било каква друга опасност што произлегува од општите околности на воената ситуација. Целта на овие правила, помеѓу останатото, е да го спречи учеството на децата во непријателствата. Во таа насока, пропишана е обврска за завојуваните страни дека не смеат да регрутираат деца под 15 години во своите вооружени сили и обврска да гарантираат дека децата нема да учествуваат директно во непријателствата.



## ◘ Заштита на бегалците и внатрешно раселените лица

Бегалците и внатрешно раселените лица се заштитена категорија со хуманитарното право и со правото за човекови права, а внатрешно раселените лица и со националното право на нивната држава. Гаранциите на хуманитаното право првенствено се однесуваат на пристапот до соодветна помош која треба да се обезбеди за овие лица од страна на хуманитарните организации и санитетскиот персонал.



## *Како да се заштитат ранливите категории на цивили?*

Во однос на заштитата на децата, активностите на хуманитарните организации, особено на Меѓународниот комитет на Црвен крст и Црвена полумесечина, се насочени кон посебно ранливите категории на деца, пред сѐ децата кои ги изгубиле своите родители, децата кои се одвоени од родителите или од нивните роднини. Станува збор за деца кои практично останале без било каква придружба или за деца кои се притворени заедно со нивните родители. Заложбите за нивна помош се движат во насока на пронаоѓање и соединување на разделените родители и деца, доколку е тоа возможно, или соединување на децата со други нивни роднини.

Во однос на бегалците и внатрешно раселените лица, МХП ги обврзува завојуваните страни не само да создадат услови за овие лица да имаат пристап до помош и храна, вода или медикаменти, туку и да преземат соодветни мерки за регистрирање на загрозените граѓани и да преземат мерки со кои ќе се оневозможи нивно исчезнување. Страните во конфликтот не смеат да го оневозможат пристапот на медицинските возила и персонал кој треба да достави медикаменти, храна или вода до цивилното население или да пружи потребна медицинска помош.

Непочитувањето на Женевските конвенции, нивните протоколи и другите обврзувачки меѓународни документи кои ја сочинуваат легислативната основа на МХП, повлекува одговорност за државите и за поединците. Во однос на лоцирањето на одговорноста за непочитување на МХП, како и во однос на покренувањето обвиненија спрема поединци, првенствена одговорност има засегнатата држава. Во оваа смисла, меѓународната правда може само да ги надополни тие напори кога државите не сакаат или не се во состојба да ги истражат и да ги гонат сторителите на повредни на правилата на МХП.

## *Во кои случаи држава може да биде повикана на одговорност?*

Кога државата не ги применува правилата на МХП, може да биде повикана на одговорност која може да биде:

- ► **Политичка одговорност**
- ► **Одговорност за причинета штета**

Санкциите кои се преземаат во случај на утврдена политичка одговорност на државата се состојат во политички или дипломатски блокади изразени преку исклучување или одбивање на членство на таа држава во одредена меѓународна организација, прекин на дипломатски односи или јавна осуда од органи на некоја меѓународна организација. Државата може да биде санкционирана и преку економски блокади изразени преку ембарго за увоз, откажување на извоз или слични санкциони мерки. Санкциите имаат за цел да ја натераат државата јавно да се извини за сторен меѓународен деликт, да се повлече од заземена територија, да врати прибавена корист од извршена агресија, да преземе некои административни мерки и особено казнени мерки против лицата под нејзина контрола кои постапиле спротивно не нормите на меѓународното право.

Во случај на политичка одговорност на државата и доколку се оцени како неопходен начин за дејствување, со одлука на Советот за безбедност на ООН може да се употреба и воена сила против државата доколку е потребно да се зачува или да се врати мирот во одреден регион.

Во случај на утврдена одговорност за причинета штета со воени дејствија, државата која ја причинила штетата со повреда на правилата на МХП, ќе биде задолжена да ја надомести. За постоење на меѓународна одговорност на државата за причинета штета, потребно е кумулативно да бидат исполнети следните услови:

**-**Повредени се правилата на МХП со сторување или со непреземање на некое дејствие кое било потребно да се преземе;
**-**Настаната е материјална или нематеријална штета;
**-**Постои каузалитет помеѓу противправниот акт и причинетата штета;
**-**Постои функционална поврзаност помеѓу противправниот акт на сторителот со вршењето на неговата служба.

Противправноста може да се исклучи само ако се докаже дека актот е преземен како дозволена противмерка (репресалија), при остварување на правото на самоодбрана или доколку оштетување на имот настанало поради апсолутно неопходни воени потреби или поради присвојување на имот како воен плен (оружје и други воени средства). Притоа, државата може да биде одговорна за предизвикана материјална (имотна) штета или нематеријална штета (болка, страдање, страв, итн.). Во двета случаи може да се бара надомест изразена во определен материјален износ. Одговорноста може да се исклучи или да се намали доколку штетата во целост или делумно е резултат на виша сила, на дејствие на оштетената држава или на некоја трета држава.

## Кога поединците сносат одговорност за повреда на МХП?

Поединците (физичките лица) сносат кривична одговорност за непочитување на правилата на МХП. Државите се обврзани во кривична постапка да го гонат секое лице за кое постои сомневање дека сторило сериозно прекршување на Женевските конвенции и другите релевантни меѓународни документи, или тоа лице да го предадат во друга држава заради процесуирање на кривичната постапка. Државите потписнички на Женевските конвенции и протоколите, се обврзуваат во ситуации на сериозни прекршувања на овие меѓународни акти да дејствуваат, заедно или поединечно, во соработка со Организацијата на обединетите нации и во согласност со Повелбата на ООН.

Државите се обврзани во своите национални законодавства да ги утврдат кривичните дела со кои се повредуваат правилата на МХП и да утврдат санкции за нивните сторители. Согласно принципот на универзална јурисдикција, одговорност треба да сноси секое лице кои ги повредило правилата на МХП без оглед на неговата националност или местото кадешто е сторено делото. Најтешките повреди на МХП се квалификувани како воени злосторства.

**За воено злосторство се смета употребата на тортура, нехуман третман, предизвикување на големо страдање, намерно убивање или сериозна повреда на заштитено лице како цивилно лице, ранет или болен напријателски војник, воени заробеници, депортација на цивилно население, употреба на забрането оружје или недозволени методи на војување, несоодветна употреба на амблемот на Црвен крст или Црвена полумесечина или други заштитни знаци.**

## Командна одговорност

Командна одговорност сносат воените старешини кои наредуваат, помагаат, извршуваат или не спречуваат дејствија со кои се предизвикуваат повреди на МХП.

**Командантите треба да се воздржат од изрекување на одлуки за напад од кои може да се очекуваат и случајни загуби и повреди на цивили или оштетување на цивилни објекти, кои би биле несразмерно големи во однос на предвидената конкретна воена предност.**

Согласно со основните принципи на МХП, при планирање и спроведување на воени дејствија, командантите не смеат да ја имаат предвид само очекуваната воена корист, а притоа да го занемарат цивилното население, како и статусот на други заштитени категории.



**Воените старешини се должни:**

**▶ Да издаваат наредби кои не се во спротивност со основните принципи на МХП;**
**▶ Да ги имплементираат правилата на МХП во своите единици во редовната воена обука и при изведување на борбени дејства;**
**▶ Да бараат потребна помош од претпоставените старешини и од правните советници;**
**▶ Да ги преземат сите потребни средства за да се спречи подготвување или извршување на злосторства од потчинетите лица и од лицата под нивна контрола.**

Со други зборови, во ситуација кога е можен избор за напад помеѓу неколку воени објекти, притоа би се добила слична воена предност, командантот треба да донесе одлука за напад на објект или друга воена цел чиј напад се очекува дека ќе предизвика најмала опасност за животите на цивилите и цивилните објекти или други посебно заштитени лица и објекти. Во спротивно, командантот ќе сноси индивидуална кривична одговорност.

Воен командант е кривично одговорен за повреди на МХП извршени од силите под негова команда, доколку:

- **знаел или требал да знае дека тие извршиле или ќе извршат злосторство;**
- **пропуштил да ги преземе сите потребни и можни мерки за да спречи повреди на МХП.**

Командантите сносат одговорност и за злосторствата извршени од страна на паравоени формации, а поради непреземање на потребни мерки во зоната на нивната одговорност. Притоа, командната одговорност се протега од командири на основни тактички единици до врховниот командант на вооружените сили.

**Дејствувањето по наредба од претпоставен старешина не е основ за ослободување од одговорност, меѓутоа може да биде олеснителна околност.**

Строга командна одговорност е предвидена со цел командантите да постапуваат воено стручно, коректно и согласно со основните принципи на МХП.

## *Меѓународен кривичен суд*

Меѓународен кривичен суд како постојан суд за процесуирање на кривични постапки за утврдување на одговорност за извршени дела на воени злосторства, кривични дела против човечноста и дела на геноцид, е основан во 1998 година на Дипломатска конференција одржана во Рим. Надлежноста на Меѓународниот кривичен суд не е ограничена ниту просторно, ниту временски. Седиштето на овој Суд е во Хаг, Холандија.

Судот постапува во случаи кога националните судови во соодветна држава не функционираат ефикасно во смисла на процесуирање кривични постапки во ситуации кога постојат основани сомневања за повреди на МХП и за извршени воени злосторста или геноцид од страна на државјани на таа држава. Исто така, Меѓународниот кривичен суд може да постапува и доколку во постапка пред национален суд не се опфатени сите дела сторени со повреда на МХП, кога е изречена казна која не е соодветна со тежината на стореното дело или кога актите на обвинетиот се квалификувани во полесна форма на кривично дело.



Меѓутоа, надлежноста на овој суд се протега само во однос на државите кои го ратификувале Статутот на Меѓународен кривичен суд. Останатите држави можат со изјава да ја прифатат надлежноста на овој суд во однос на конкретни случаи.

**Автори**
д-р Вида Поповска Кочишка
д-р Билјана Каровска-Андоновска
д-р Зоран Јовановски

Издавач: Црвен крст на Република Северна Македонија
За издавачот: Саит Саити - Генерален секретар на Црвен крст на Република Северна Македонија

**МЕЃУНАРОДНО ХУМАНИТАРНО ПРАВО ПРИРАЧНИК ЗА СЛУШАТЕЛИ**

Превод на албански јазик:
Превод на англиски јазик:
Техничко уредување:
Печати:
Тираж:
Година на издавање: Скопје, 2019
ISBN

## ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ДВИЖЕЊЕТО

**Хуманост** - Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина настана како резултат на желбата да им се помогне на ранетите на бојното поле и тоа без било каква пристрасност, како и да го спречи и олесни човековото страдање секогаш кога е тоа можно. Целта на Движењето е да го заштити животот и здравјето и да го почитува човекот. Промовира заедничко разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите луѓе.

**Непристрасност** - Не прави дискриминација врз основа на национална, расна, верска и класна припадност или политичко убедување. Настојува да ги олесни страдањата на поединците, водејќи се исклучиво од нивните потреби, но, давајќи приоритет на најитните случаи.

**Неутралност** - За да ја ужива довербата на сите, Движењето не смее да зазема страна од политичка. расна, верска или идеолошка природа.

**Независност** - Движењето е независно. Националните друштва иако делуваат како дополнение на хуманитарните служби на владите и се предмет на регулирање на националното законодавство, мораат да ја зачуваат автономноста за да можат да дејствуваат во секое време, согласно со принципите на Движењето.

**Доброволна служба** - Тоа е движење за давање на доброволна помош кое не е инспирирано од материјални побуди.

**Единство** - Во една држава може да има само едно национално друштво на Црвениот крст или Црвената полумесечина. Мора да биде отворено за сите и да ја извршува својата хуманитарна работа на целата територија во земјата.

**Универзалност** - Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, во кое сите друштва што го сочинуваат имаат еднаков статус, одговорности и должности взаемно да се помагаат, делува во целиот свет.